ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# **И З В Е Ш Т А Ј**
# **по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во општина Крива Паланка за 2022 година**

## **Вовед**

Прашањата кои што се однесуваат на површинските и подземните води, нивното управување и распределба, заштита и зачувување, услови, начин и постапки за користење се дефинирани во Законот за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), додека пак начинот за снабдување со вода за пиење, прекинување на снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води во реципиентот преку водоснабдителниот и канализациониот систем, изградбата, одржувањето, заштитата и приклучувањето на водоснабдителни и канализациони системи, односите меѓу давателот и корисникот на услугата, контрола и надзор се дефинирани со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.( (сл.весник на РМ бр 68/04 и измените заклучно со 31/16).

Проектирањето, изградбата и одржување на хидротехнички објекти е во согласност и со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење и др. материјални закони кои ја третираат оваа област.

Врз основа на горенаведените зред акони, како и Законот за комунални дејности (Сл. весник на РМ бр.95/2012) општина Крива Паланка има донесено Одлука за комунален ред и нејзино спроведување на подрачјето на општина Крива Паланка (Сл.гласник бр.8/2013) со што уште подетално се уредени начинот на организирање и вршење на комуналните дејности како и мерките за спроведување на комуналниот ред за физички и правни лица на подрачјето на општината, а кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води. Со оглед дека од донесувањето на претходната одлука е поминат подолг временски период, во постапка е донесување на нова Одлука за комунален ред која ќе биде усогласена со измените во соодветните закони кои ја третираат оваа област.

Водите, како добра од општ интерес, се во сопственост на Република Македонија и уживаат посебна заштита на начин и под услови определени со закон.

Води се површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите, изворите и подземните води; Површински води се сите проточни и непроточни води на површината на земјата; Подземни води се водите коишто се наоѓаат под површината на земјата во зоната на сатурација и се во директен контакт со површината или со потслоевите;

Водите не се предмет на правото на сопственост на физички и правни лица, без оглед на правниот режим на земјиштето на коешто се наоѓаат. Користење на водите ги опфаќа активностите на акумулирање, зафаќање, црпење, пренасочување на површинските и на подземните води, како и активностите на одведување и испуштање,

како и другите дејства врз водите. Користењето на водата е во обем, под услови и на начин определени со закон, како и во согласност со актите донесени врз основа на закон.

Акумулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со нзакон. Забрането е секакво испуштање на отпадни води, материи и супстанции во водите освен под услови, на начин и во постапка определени со закон.

Заради остварување на јавниот интерес при користењето на водите, како и заради остварувањето на правата и обврските на правните и на физичките лица да користат или испуштаат води, правото на користење на водите од водните тела и правото на испуштање во водните тела, се доделува водно право на правните и на физичките лица под услови и на начин утврдени со закон. Правното или физичкото лице се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата и дозвола за испуштање во вода.

Водостопански услуги се сите услуги со коишто се обезбедува зафаќање, црпење, акумулирање, третман и дистрибуција на површинските или на подземните води, или собирање и прочистување на отпадните води кои се одведуваат во површинските води;

Урбана отпадна вода е отпадната вода од домаќинствата или мешавина од отпадната вода од домаќинствата и индустриската отпадна вода и/или водата од врнежи;

Река е внатрешно водно тело коешто постојано или повремено тече по површината на земјата, но коешто може во дел од својот тек да тече и под земја;

Реципиент е водно тело, крајбрежно земјиште и водни живеалишта кои ги примаат испуштените води согласно со членот 79 од овој закон, како и канализационите системи и системите за одводнување во кои се испуштаат води, доколку истите не се вклучени во заеднички систем за одведување и за третман на отпадни води.

## 1. Локална водоводна мрежа

Според горенаведените закони и Одлуката за комунален ред снабдувањето со вода за пиење е комунална дејност од јавен општ интерес, а давател на услугата на подрачјето на општината е ЈП Комуналец, кое е основано од општината.

Водоснабдителните системи се збир од хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

Проектирањето на нови водоснабдителни системи согласно програмата е преку стручните служби на општината и склучени договори со лиценцирани фирми за проектирање. По обезбедување на техничката документација и одобрение за градба или реконструкција се бараат извори за финансирање од повисоки нивоа на власта и меѓународни институции, со евентуално кофинансирање од страна на општината.

### 1.1 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку грант од Владата на РМ и ЕИБ

Општина Крива Паланка во текот на 2022 год комплетно ги заврши сите активности околу последниот подпроект за имплементација преку проектот на Владата на РМ и ЕИБ **,,Водоснабдување и одведување на отпадни води“**, за кои беа вкупно искористени финансиски средства како грант од Владата на РМ во износ од 1.238.971,оо евра (76.196.716.оо ден). Од тие средства досега беа реализирани 5 проекти, од кои четири проекти се за водоснабдување и еден за одведување на отпадни води, и тоа:

1.Дополнителни работи на зафат и довод на вода на водоснабдителен систем Станачка река и доопремување на филтер станица за вода за пиење со поврзување на постоечки водоводен систем
2.Водоснабдителен систем за висока зона на лев брег на Крива Река –основна и секундарна мрежа со изградба на крак за водоснабдување на населба Маневци и населба м.в. Змаевац с.Дурачка Река; Се работи за изградба на нова примарна и секундарна мрежа во вкупна должина од околу 6 км, резервоар и др. потребни елементи кои и од градежен и од финансиски аспект претставуваат крупен и значаен проект за Општината.
3.Реконструкција на дел од водоводна мрежа во град Крива Паланка (со замена на азбестни водоводни цевки со полиетиленски водоводни цевки) Согласно со техничката документација од проектот се изврши реконструкција на дел од водоводната мрежа со замена на постоечките азбест-цементни цевки во водоводната мрежа на Крива Паланка на повеќе улици во централниот дел од градот со вкупна должина од 2844 м.
4. Проект за замена и инсталација на мерни инструменти и нивна интеграција во мобилна мрежа за далечинско отчитување комплет со надоградба, инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во општина Крива Паланка. Инсталирани се предвидените 4050 водомери. Паралелно со инсталирањето на секој водомер направен е технички прием и истите се во употреба.

Сите изведени проекти со предадени на стопанисување и управување на ЈП Комуналец.

### 1.2 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку средства од Министерства, Агенции и др., Буџетот на општината и ЈП Комуналец

Преку Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство Во текот на 2022 год. се работеше на проектот за изведба на систем за наводнување во с. Конопница и тој е веќе во завршна фаза.

Останатите активности во изминатата година беа реализирани со сопствени средства од Буџетот на општината и ЈП Комуналец.

Согласно со Програмата за 2022 преку ЈП Комуналец се работеше на санација, реконструкција и доизградба на постоечки водоводи и одредени активности за подобрување на водоснабдувањето на населението во населените места, посебно на места каде имаше градежни активности на улици.

Во тек е постапка за евидентирање и утврдување на постоечка состојба на порано изградени месни водоводни системи кои согласно законските прописи треба да бидат преземени од ЈП Комуналец на управување и стопанисување според погоре цитираните Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за водите и Одлуката за комунален ред. Од друга страна ЈП Комуналец има обврска редовно да го контролира квалитетот на водата и да ги одржува системите во исправна состојба. Мора да се напомене дека се уште постои отпор кај месното население кое во моментот раполага со дел од водоводите во селските населби за предавање на истите во надлежност на ЈП Комуналец, првенствено поради меѓусебно несогласување на самите корисници и идната обврска за плаќање на потрошената вода после поставување на водомери.

### 1.3 Техничка документација за водоснабдување

Во текот на изминатата 2022 година се продолжи со изработка на нови проекти за водоснабдување, како и доработка и преработка на проекти со кои располага Општината и докомплетирање на целокупната техничка документација за реконструкција, санација и

изградба на водоводни системи, како и подготовка на апликации за обезбедување на финансиски средства од повеќе извори. Ова од причина што порано изработените проекти и др. техничка документација, а кои не се започнати со изградба или не се реализирани, не ги задоволуваат денешните стандарди и прописи согласно Законот за градење и др., па доколку не се преработат и доработат се практично неупотребливи.

Се работеше на следнава техничка документација:

-Се работеше на техничка документација за доградба и реконструкција на водовод Вирови-Грамаѓе, с.Конопница – основниот проект е во завршна фаза и се работи на урбанистичкиот проект за инфраструктура

-Се работеше на техничка документација за водоснабдување на с. Мождивњак основниот проект е во завршна фаза и се работи на урбанистичкиот проект за инфраструктура

-Се работеше на техничка документација за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен (кофинансирано од приватни лица и фирми)

## 2. Локална канализациона мрежа

Доколку се имаат во предвид скромните финансиски можности со кои располага буџетот на општина Крива Паланка и на ЈП Комуналец, не може да се очекува реализација на поголеми капитални проекти во оваа област со сопствени средства без соработка и финансиски средства од други извори од домашни и меѓународни институции и фондови. Поради тоа општината постојано аплицира на сите отворени повици и главно успева да обезбеди одредени финансиски средства за изградба и доградба на канализационата мрежа. Покрај тоа, со средства обезбедени од буџетот на општината и на ЈП комуналец се вршеа активности реализирани од страна на ЈП Комуналец на доградба на помали делови и санација на постоечки линии на канализациони водови.

### 2.1 Изградба на канализациони мрежи

Како што беше погоре споменато во изминатите неколку години сите поголеми проекти за изградба на канализациони мрежи беа финансирани од повисоки нивоа на власт, првенствено преку проектот на Владата на РМ и ЕИБ ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води", потоа преку Агенцијата за финансиска подршка на земјоделието и руралниот развој, Бирото за регионален развој како и Министерството за животна средина.

Во изминатата 2022 год. со средства обезбедени од Министерството за транспорт и врски во вкупен износ од 6.500.000 денари беше реализиран проектот:

**-Дислокација на дел од лев главен фекален колектор во градско подрачје према техничка документација**

Со средства преку Министерството за животна средина и просторно планирање бо вредност од околу 2.000.000 ден. беше реализиран проектот:

**-Изградба на дополнителна линија на канализационен систем во с. Мождивњак**

Со средства од буџетот на општината и ЈП Комуналец беа завршени:

**-Изградбата на крак 4 од канализациона мрежа Цонев Рид**

**-Доизградба на дел од канализациона мрежа за с. Конопница** (во близина на школо)

Се работеше и на тековно одржување, обнова на дотраени линии и на други помали делови и краци од канализациони мрежи преку ЈП Комуналец за кои ќе се појави потреба.

## 2.2 Изработка на техничка документација за канализации

Согласно со Програмата за 2022 год. се работеше и на проектирање и докомплетирање на техничка документација за канализации од кои би ги издвоиле следниве:

-Започнато е со активности за изработка на техничка документација за крак од канализација во с. Дурачка Река од Маневски Мост

-Започнато е со активности за изработка на техничка документација за канализација за дел од с. Конопница м.в. Трнци

-Започнато е со активности за изработка на техничка документација за канализација за нас. Грамаѓе.

**Како што беше напоменато во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2022 година, нејзината реализација во многу зависеше од очекуваниот грант преку Министерството за животна средина и просторно планирање и ЕБОР за изградба и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи. Според информациите од министерството најверојатно повикот за користење на средствата ќе биде објавен во текот на 2023 год.**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Одделение за изградба и одржување**
**на комунална инфраструктура**